Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт и врски на ден __________година, донесе

**ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА**

1. За планскиот документ **Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 10 д, Делница на автопат: Прилеп - Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола (7+825,81-37+716) од км 7+825 до км 11+740 со пристап до пропратни содржини за патниот коридор,** кој го донесува Министерството за транспорт и врски, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементацијата на **Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 10 д, Делница на автопат: Прилеп - Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола (7+825,81-37+716) од км 7+825 до км 11+740 со пристап до пропратни содржини за патниот коридор,** се определуваат Општина Прилеп, Општина Могила, Општина Битола, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. Водостопанство на Република Македонија, ЕВН, МЕПСО, Македонски телекомуникации, А1, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на **Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 10 д, Делница на автопат: Прилеп - Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола (7+825,81-37+716) од км 7+825 до км 11+740 со пристап до пропратни содржини за патниот коридор**, нема значително влијание врз животната средина од следните причини: Изградбата на патен Коридор 10д. Делница на автопат: Прилеп-Битола, согласно проектното решение го прати постојниот пат кој што е асфалтиран и во употреба, додека теренот, на целиот дел на трасата е рамничарски и се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социоекономски развој).
4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Дравната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната http://mtc.gov.mk.

Бр. 67-1584/2

Датум 26.03.2024 година

Скопје

**Министер**

**Благој Бочварски**